РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

13-1868/3
од 05.04.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (''Службен весник на Република Македонија'' БР.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), на ден 05.04.2019 година, донесе

Одлука за несповедување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Измена и дополна на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода кој се носи согласно Програма (Ф) урбанистичко планирање и уредување на просторот на Општина Кисела Вода за 2019 год. не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода- Скопје.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците на Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополна на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода нема да има влијание врз животната средина од следните причини : имајќи ги предвид сите простории, технички и функционални карактеристики како и фактот дека планираната измена и долопна во третираниот простор, се исти како и постојните функции и намени, претходно се добиени мислења според кои не постојат основни индиции дека тие би можеле да имаат значително влијание врз животната средина на просторот во непосредна околина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Раководител на сектор,
Гоце Станкоски д.и.а.

Градоначалник
Филип Темелковски

Ул.Првомајска бб,1000 Скопје ,тел.++389 2 785 420 ; факс. ++389 2 770 210; E-mail contact@kiselavoda.gov.mk
www.kiselavoda.gov.mk

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Измена и дополна на Општ акт за село Драчево, општина Кисела Вода |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Кисела Вода |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кисела Вода |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Трговско друштво со ограничена одговорност за проектирање,изведување и инженеринг ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| Назив на работното место | планер:<br>Ана Ѓорѓиевска, диа |
| Контакт податоци за лицето | тел:02 3229018 , бул. Кузман Јосифовски Питу бр.19/локал 58а |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Приватна иницијатива | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Општ акт за село Драчево | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| НЕ | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Урбанистичко уредување на просторот | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| НЕ | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Менување на класа на намена на парцели кај кој не соодветствува намената | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр, транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Планирање на простор | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| 2019 | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| Во рамките на предвидениот плански документ | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |
| Село Драчево | | | |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | | | |
| Дали е приложена копија од целите? | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | | | |

| Резиме на влијанијата врз животната средина |  |
|---|---|
| (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) |  |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на пласкиот документ предвидената површина за градење и нивната реализација зависат од урбанистичките параметри кои се составен дел на планската документација. Планската документација ги содржи сите потребни мерки од сите аспекти, воедно оваа планска документација нема посебно влијание врз животната средина на околината. |  |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Во предметната измена и дополна на Општ акт се предвидуваат намени кои не предизвикува загадување на воздухот водата и почвата. Движењето на моторните возила е со веќе утврдена фрекфенција и присутност на издувни гасови. Објектите нема да имааат влијание врз животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Предвидената површина во планскиот опфат не влијае негативно на микроклимата во локалитетот. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планскиот опфат зафаќа површина од 1780,80 ха, односно 17808007м2 |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: |  |
| Овој плански документ позитивно ќе влијае на економските и социјалните аспекти на ова подрачје. |  |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Ќе се зголеми вредноста на урбаниот локалитет. |  |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | НЕ |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат надминувања на стандардните вредности ниту намалување на квалитетот на животната средина. |

| | |
|---|---|
| Интензивна употреба на земјиштето | Градежно земјиште со различни класи на намени |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |

Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:

Во рамките на планскиот опфат се планираат објекти кои се во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

Новопланираните намени и нивното функционирање нема да има негативно влијание врз околината и животната средина.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Нема влијание врз квалитетот на животната средина и притоа нема да се создаваат еколошки проблеми во општината.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Новопланираните намени на парцелите ќе овозможат индустриски и економски развој во тој локалитет, а со тоа се овозможува иден и квлаитетен развој на општината.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

За село Драчево претходната документација не е усогласена во утврдените рокови согласно со членот 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.51/05) и членот 46 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ, бр.137/07), во 2014година изработен е Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода. Со Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, Општина Кисела Вода – Скопје не се менуваат веќе утврдените граници со Општ акт за село Драчево, Општина Кислеа Вода од јуни 2014година. Површината на опфатот во претходната документација за село Драчево пишана е како 1780.80ха. Се прави промена на несоодветните класи на

<table>
<tr><td colspan="3">намени наземјиштето со состојбата на лице место планирани со претходниот Општ акт поради економски развој во овој локалитет.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на документацијата.</td></tr>
<tr><td colspan="3">Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Вака планираните класи на намени ќе имаат позитивен ефект за општината во нејзиниот развој , а нивната функција не ја нарушува животната средина.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Градоначалник<br>Филип Темелковски</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум 05.04.2019<br>Место Скопје</td><td>МП</td></tr>
</table>

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА